ИЗЛОЖБИ

# ПРОСТОР

***- Пред сè! Простор. Движење. Време. Зад сè!***



*Просторот е сè! Просторот е ништо!*

Со овие зборови започнува текстот во каталогот од истоимената изложба на младата сликарка Марија Николоска родена 1975 година. Изложбата воедно е и одбрана на нејзината магистерска работа/теза по сликарство изработена во состав на наставата на Факултетот за ликовни уметности. Одбраната на тезата и изложбата која следеше потоа се случија во салонот на Културно-информативниот центар на 5 ноември. Сликите настануваат како продолжение на започнатото творештво сублимирано во дипломската работа и на големо задоволство од професорите покажуваат голем степен на прогрес и формално-ликовен и естетско-теоретски.

**Кон изложбата**

Навистина, изложбата е именувана како простор. Но, кој било посетител лаик, би забележал само вертикали и хоризонтали кои осцилираат и создаваат вибрации околу својата оска.

Во самата поставка, иако неподредена хронолошки, може да се забележи асоцијативноста која произлегува од поделбата на платното по хоризонтала, потсетувајќи на некаков предел или пејзаж гледан низ призма на магливи сеќавања. Сино-сивиот тон кој е присутен речиси во сите слики и кој ја оддава интимната состојба на авторката, неколкупати се потенцираше во одбраната на тезата. Сликата како енергија и како душевен испис е трансформирана во ликовните елементи како што се бојата, површината, линијата и формата. Просторот, или длабочината, кој илузионистички се доловува со перспективата, е изоставен. Содржината како форма е носител на третата димензија. Просторот е сведен на минимум елементи кои можат да го дефинираат; права линија и движење кое секогаш се одвива во него и го одредува истиот. Светлото и темното, хоризонталното и вертикалното, статичноста на површината и движењето на линијата се елементите со кои Марија го создава предметот наречен слика. Редот и хаосот во космосот се преобразуваат еден во друг токму благодарение на енергијата. И така имаме двојно исчитување. Исчитување на ниво на универзални физички и филозофски детерминанти, како и прашања за постоењето, светлоста, времето, движењето, енергијата. Од друга страна, пак, имаме микро свет кој самата авторка го носи во себе, а кој е одраз на светот околу неа. Можеме и да го дефинираме и вака - како свет на микротела, микрочестички, невидливи и недофатни за човековите сетила или, пак, макро тела чиишто влијанија и акции некогаш го одредуваат тоа што се нарекува животен простор. Интимата се отчитува во интензитетот на бојата и потегот на четката, но тоа не е доволно објаснување за тоа што сакала авторката да каже.

**За одбраната**

Покрај горенаведените работи и факти, самиот чин на одбраната го наметна прашањето што е тоа што Марија сака да го докаже во сликите. Нејзината теза е дека без разлика каква е поставеноста на хоризонталата и вертикалата во сликата, заедно со осцилациите кои тие ги оддаваат во моментот кога ќе настане нивната ротација за агол од 90 степени, не се менува димензијата на сликата. Не станува збор за физичка димензија, туку



за естетска. Прашањето е дали содржината ќе остане иста и дали нема да се добие ново уметничко дело. Дали поставеноста на ликовните елементите и нивната заемна интеракција, вклучително со оската на рамнотежа, средиштето на сликата по трансформирањето во нормална положба, повторно ќе си го имаат истото значење. Разгледувајќи ја изложбата ќе забележиме дека композицијата во сликите не е секогаш симетрична. Тоа отвара простор за нови прашања кои, намерно или не, не беа поставени, а можеби чекаат погодно време самите да бидат одговорени.

Нада ПЕШЕВА



1330